OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 4 декември 2017 година

## Нов станбен кредит со 5 години фиксна каматна стапка од Охридска банка Сосиете Женерал

Релаксирано до комфорен дом со новиот **„Станбен кредит 3 + 2“**

Охридска банка Сосиете Женерал во своето кредитно портфолио воведува нов станбен кредит со 5 години фиксна каматна стапка.
Имено, со овој кредит, сите клиенти ќе може релаксирано да инвестираат во својот нов конфорен дом, користејќи го новиот **„Станбен кредит 3+2“** кој овозможува фиксна каматна стапка во првите 5 години од отплатата на кредитот, и тоа, во првите три години каматната стапка е фиксна и изнесува 3,55%, а во четвртата и петата година е повторно фиксна и изнесува 4.55%. По завршувањето на петата година од отплатата на кредитот, каматната стапка е варијабилна и пресметана врз основа на шестмесечна стапка на Еурибор (Euribor).

Па така, за станбен кредит од 30.000 евра, со рок на отплата од 240 месеци, износот на фиксната месечна рата во првите три години ќе изнесува 181,67 евра, ратата во четвртата и петата година ќе биде повторно фиксна и ќе изнесува 195,73 евра, а месечната рата по петата година ќе изнесува 208,85 евра.

Сите клиенти кои ќе аплицираат за **„Станбен кредит 3+2“**, за време на промотивниот период кој трае до 31.1.2018 година, ќе бидат ослободени од административните трошоци и трошоците за апликација.

Со цел постојана грижа за клиентите како и обезбедување дополнителна вредност на сите банкарски производи, Охридска банка Сосиете Женерал им овозможува на клиентите кои ќе аплицираат за „**Станбен кредит 3+2“** да изберат помеѓу двата пакета за животно осигурување, и тоа: основниот пакет за кредитно животно осигурување со осигурителна премија од 0,44% годишно од износот на кредитот и целосниот пакет за кредитно животно осигурување, со осигурителна премија од 0,85% годишно од износот на кредитот.

Повеќе информации за поволностите и понудите клиентите можат да најдат на веб-страницата на Охридска банка Сосиете Женерал, www.ohridskabanka.mk, и во експозитурите на Банката ширум земјата.

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

*За Охридска банка Сосиете Женерал*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 145.700 вработени, со присуство во 67 земји, Групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди како „Најдобра банка во Македонија" од трите најважни банкарски авторитети - "Global Finance", "Euromoney" и "The Banker", додека во 2017 година е повторно наградена како „Најдобра банка во Македонија" за 2017 од "Global Finance" и "Euromoney".*

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Елена Глигоровска
Раководител на Дирекција за корисничко искуство, маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 709

Ивана Петревска
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 682